**Влада на Република Северна Македонија**
Бр.4401-17/70

# З А П И С Н И К
од Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 јуни 2020 година

**Скопје, јуни 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 јуни 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Санела Шкријељ, дополнителен заменик на министерот за труд и социјална политика, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи и Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- ✓ **Усвојување на Записникот од 62-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2020 година**
- ✓ **Усвојување на Записникот од 63-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 јуни 2020 година**
- ✓ **Усвојување на Записникот од 64-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јуни 2020 година**

1. Записник од Седумдесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 јуни 2020 година

2. Записник од Седумдесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 јуни 2020 година

3. Записник од Седумдесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 јуни 2020 година

4. Предлог - програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година

5. Предлог - програма за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година

6. Среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година

7. Предлог - програма за изменување на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година

8. Информација за Програма за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година, со Предлог - програма

9. Информација за донесување на Програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година, со Предлог - програма

10. Барање на согласност за набавка на услуги

11. Информација за донесување на Предлог - одлука за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје

12. Информација со Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за урбанистичко планирање за време на вонредна состојба

13. Предлог - уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2021 година

14. Предлог - програма за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД -19

15. Предлог - одлука за укинување на Одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за живо јагне

16. Информација за надградба на порталот „Отворени финансии“ со објавување на трансакции на Единиците на локална самоуправа (ЕЛС) и нивните буџетски институции

17. Информација за процесот на подготовка на Доброволен национален преглед и подготовка на Брза интегрирана проценка за имплементација на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој на Обединетите нации

18. Информација за предлог Анекс Договор бр.2 за доделување на државна помош на Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје

19. Предлог - договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Предлог - одлука за давање согласност на договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп

20. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Јавното претпријатие Камена Река Македонска Каменица

21. Предлог - одлука за давање на правото на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Битола

22. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за правосудниот испит за време на вонредна состојба

23. Предлог - уредба со законска сила за финансирање на политичките партии во 2020 година

24. Предлог - одлука за престанување на важењето на Одлуката за определување на висината на надоместокот на трошок за закупнина на стан на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија кој не е станбено обезбеден

25. Информација за спроведување на набавката за продолжување на поддршката за лиценците набавени за Националните ИКТ проекти

26. Предлог - решение за изменување на Решението за назначување на членови на Дигиталниот форум за информатичко - комуникациски технологии

27. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба

28. Предлог - програма за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2020 година

29. Предлог - програма за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија

30. Предлог - програма за изменување и дополнување на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година

31. Предлог - програма за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година

32. Предлог - програма за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2020 година

33. Предлог - програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2020 година

34. Предлог - програма за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2020 година

35. Предлог - програма за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2020 година

36. Предлог - програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година

37. Предлог - програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентски стандард за 2020 година

38. Предлог - одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје

39. Предлог - одлука за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје во академската 2020/2021 година

40. Предлог - одлука за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев" Штип во академската 2020/2021 година

41. Предлог - одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2020/2021 година

42. Информација за продолжување на ангажирањето на 5 лица со договор за дело во НУ „Музеј на македонската борба за самостојност"-Скопје

43. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Синцеритас ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог - одлука

44. Кадровски прашања

45. Прашања и предлози

46. Информација за потребата од реконструкција на постојниот деловен простор на Државната комисија за спречување на корупцијата

47. Информација во врска со извршената евалуација по Јавен повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, Општина Старо Нагоричане по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, Општина Старо Нагоричане бр. 45-4437/1 од 16.7.2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/19), со Предлог - одлука

48. Предлог - одлука за давање на согласност на договорот за закуп во ТИРЗ Тетово помеѓу Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово и Киел НМК ДООЕЛ Желино

*

*      *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 62-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2020 година, Записникот од 63-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 јуни 2020 година и Записникот од 64-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јуни 2020 година

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Седумдесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 јуни 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Седумдесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 јуни 2020 година.

2. Го усвои предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за измени на работното време на кафетериите и угостителските објекти за исхрана, односно работното време да не завршува во 22.00 часот и соодветно на ова да се изменат Протоколот за отворање и работа на кафетерии и Протоколот за отворање и работа на угостителските објекти за исхрана кои се дадени во Прилог број 7 и Прилог број 8 во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за

мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.136/20).

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

3. Го усвои Предлогот доставен од Министерството за труд и социјална политика, под бр. 02-3862/1 од 17.6.2020 година во однос на отсуство од работа на работничка поради завршено породилно отсуство во периодот од 11.3.2020 година до 17.3.2020 година и заклучи истиот да се достави до работодавачите заради евиденција на оправдано отсуство од работа за овие лица, со цел преку потпишување изјава да се надмине ова прашање.

**Точка 2**

Владата го разгледа Записникот од Седумдесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 јуни 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Седумдесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 јуни 2020 година.

2. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да изврши распределба на помошта (дезифициенси) добиена преку механизмот за цивилна заштита, согласно приоритетни потреби.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Седумдесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 јуни 2020 година.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за Програма за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година, со Предлог – програма, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа Барањето за согласност за набавка на услуги, го усвои Барањето и условно даде согласност за набавка на услуги од изнајмување на простор – виртуелен сервер на Агенцијата за храна и ветеринарство, со заклучок материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 11**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за донесување одлука за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука поради потребата од дополнителни усогласувања, а Министерството за економија и Министерството за финансии да достават мислења по материјалот.

**Точка 12**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за урбанистичко планирање за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата, поради потребата

Министерството за транспорт и врски, согласно расправата на седницата, да оцени за кои одредби од Законот за урбанистичко планирање има потреба од одложување, и согласно на тоа до Владата да достави соодветен предлог.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-програмата за конкурентност, иновации и претприемништво-КОВИД-19 за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за укинување на Одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за живо јагне и донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за живо јагне, согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за надградба на порталот „Отворени финансии“ со објавување на трансакции на Единиците на локална самоуправа (ЕЛС) и нивните буџетски институции, како материјал за информирање.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за процесот на подготовка на Доброволен национален преглед и подготовка на Брза интегрирана проценка за имплементација на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој на Обединетите нации, со Доброволен национален преглед Агенда 2030, како материјал за информирање.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за предлог Анекс Договор бр.2 за доделување на државна помош на Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје, со текст на Анекс-договор бр.2, за наредната седница на Владата, поради потребата Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави мислење по истата.

**Точка 19**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Предлог - одлуката за давање согласност на договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп, за наредната седница на Владата, поради потребата Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави мислење по истата.

**Точка 20**

Владата условно ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Јавно претпријатие Камена Река Македонска Каменица, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и да се обезбеди позитивно мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 21**

Владата условно ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Битола, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и да се обезбеди позитивно мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 22**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за правосудниот испит за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за финансирање на политичките партии во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за престанување на важењето на Одлуката за определување на висината на надоместокот на трошок за закупнина на стан на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија кој не е станбено обезбеден.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на набавката за продолжување на поддршката за лиценците набавени за

Националните ИКТ проекти, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации.

**Точка 26**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за назначување на членови на Дигиталниот форум за информатичко-комуникациски технологии, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба, поради потребата Министерството за здравство да го доусогласи текстот на Уредбата со Министерството за финансии.

**Точка 28**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година, со заклучок текстот на Програмата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 31**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија во 2020 година, (нов текст-усогласен со Секретаријатот за законодавство), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2020 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед за умрени лица за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2020 година, со заклучок истата претходно редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 35**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести во Република Северна Македонија за 2020 година, со заклучок текстот на Програмата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година.

**Точка 37**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог - програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година и условно ја донесе Програмата со заклучок истата да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2020/2021 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во академската 2020/2021 година, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2020/2021 година, со заклучок истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за продолжување на ангажирањето на 5 лица со договор за дело во НУ „Музеј на македонската борба за самостојност“-Скопје, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Синцеритас ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Синцеритас ДОО Скопје.

**Точка 44**

**1.** Владата на Данаил Дончев разрешен од должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, му утврди право за остварување плата по престанување на функцијата за време од 12 месеци, за период од 11.5.2020 година до 11.5.2021 година.

**2.** Владата ја разреши Биљана Ѓорѓиева од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Виница-стручен работник од Центарот за социјална работа, на нејзино барање.

**3.** Владата го разреши Марко Морхард од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, предложен од корисниците на технолошките индустриски развојни зони.

3.1. Владата ја именува Тања Соколеска за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, предложен од корисниците на технолошките индустриски развојни зони.

**4.** Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на акционери на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје, констатира дека поради смрт на еден од членовите на Надзорниот одбор (Ангел Папеш), во моментов Надзорниот одбор брои два члена.

## Точка 45

**1.** Владата го разгледа Барањето согласност за продолжување на договори за дело, доставено од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, под ДП бр 04-708/19-2 од 11 јуни 2020 година и даде согласност на Барањето, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење на истото.

**2.** Владата по Известувањето од Министерството за внатрешни работи, доставено под бр.08-1127/2, од 15 јуни 2020 година, го потврди Заклучокот донесен на 59-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 мај 2020 година, Точка 2 Прашања и предлози, со кој се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги прекине постапките за интерни огласи за унапредување и распоредување во Министерството.

**3.** Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров ги информираше членовите на Владата во врска со проблемот со кој се соочуваат амбасадите во Република Северна Македонија, за имплементација на новиот систем за електронски пристап/контрола, кој е воведен од Царинската управа, во однос на примената на Законот за акцизите.

**4.** Владата го разгледа и даде согласност на Барањето на Министерството за финансии за склучување на договор за дело преку авторска агенција за ангажирање на преведувач за превод на документација од англиски на македонски јазик за потребите на судска постапка поведена од страна на тужителите Гуинтоли С.А.С., Друштво за градежништво, трговија и услуги БАУЕР

БГ ДОО Скопје и НГЕ Контрактинг С.А.С., против тужениот Република Северна Македонија – Министерство за финансии.

**Точка 46**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата за реконструкција на постојниот деловен простор на Државната комисија за спречување на корупцијата и го усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за реализација на јавната набавка-Реконструкција на деловни простории.

2. Средствата во висина од 12.000.000,00 денари се обезбедуваат со прераспределба на средства во рамки на буџетот на Државната комисија за спречување на корупцијата.

3. Се задолжува Министерството за финансии да го одобри Барањето за прераспределба на средствата на буџетската сметка 0200360046-637 19 на Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Точка 47**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со извршената евалуација по Јавен повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, Општина Старо Нагоричане по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, општина Старо Нагоричане бр. 45 - 4437/1 од 16.07.2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/19), со Извештај од проверката на документацијата со Предлог – одлука, и условно ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, Општина Старо Нагоричане 6/2019, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.237/19.

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина- термоминерална вода на Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги Голден арт ДОО увоз-извоз Скопје на локалитетот „Стрновец“, Општина Старо Нагоричане, со заклучок предлагачот кон материјалот од Управата за јавни приходи да достави Уверение за платени даноци и придонеси.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Предлог - одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Тетово помеѓу Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово и Киел НМК ДООЕЛ Желино (нов текст) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:05 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска